„Не се нанесува штета, ниту се возвраќа со правење штета

Ебу Сеид, Сад бин Малик бин Синан ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не се нанесува штета, ниту се возвраќа со правење штета."

[حسن] [رواه ابن ماجه والدارقطني وغيرهما مسندًا]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека задолжително е да се отстрани секоја штета – од каков било вид и облик – и од себе и од другите. Никому не му е дозволено да си наштети самиот на себе, ниту да им нанесува штета на другите луѓе. Исто така, не е дозволено на човекот да одговара на штета со штета, бидејќи штетата не се отстранува со штета, освен во случај на пропишана казна – соодветна на делото, без пречекорување.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66531